Совет на Општина Делчево
Број 09-1831/2
09.11.2018 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 15. седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 09.11.2018 година (петокк), во фоајето на Спомен домот АСНОМ со почеток во 14.05 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Вице Стоиловски
7. Кирил Тренчевски
8. Ванчо Велиновски
9. Катица Трајкова Тасева
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевска
14. Кристи Стојковски

**Оправдано** отсутен беше Николчо Ситновски.

На седницата исто така беа присутни: Градоначалникот на Општина Делчево, Анка Христова-Раководител на Одделението за финансирање, буџет и ЛЕР, Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР, Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“, Стојче Стојковски-Директор на ЈПКД „Брегалница“, Горан Петровски-Советник за урбанизам и Александар Николовски-Претседател на ЗГ „Бравура кооператива“-Делчево.

Седницата ја отвори и со истата претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево кој за 15 седница на Советот го предложи следниот:

Дневен ред

-Усвојување на Записникот од 14.седница
на Советот на Општина Делчево

1. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2018 година;
   **Образлагач:** Анка Христова-Раководител на Одделението за финансирање и буџет.
2. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење;
3. Предлог-Одлука за усвојување на Стретегија за соработка со граѓанскиот сектор 2019-2022;
4. Предлог-Одлука за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско Јавно Претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип;
5. Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на инвестицијата;
6. Предлог-Одлука за утврдување на намена на инвестицијата
   **Образлагач**: Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР.
7. Годисшен извештај за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за учебната 2017-2018 година со Заклучок за усвојување;
8. Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2018-2019 година со Заклучок

за усвојување;

9. Предлог-Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

   **Образлагач:** Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

10. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;
11. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо“ кои постигнале особено висок успех во учењето.
12. Предлог- Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија;
13. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија кои постигнале особено висок успех во студирањето;

    **Образлагач**: Ванчо Новоселски-Советник за образование.

14. Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈПКД „Брегалница“-Делчево со Заклучок за усвојување;

    **Образлагач:** Марија Сумрачка ЈПКД „Брегалница„ Делчево

15. Предлог-Одлука за поништување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, викенд куќа – по барање на Страшо Ѓорѓиевски, бр. 09-1688/1 од 09.10.2018 година.
16. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Никола Ѓорѓиевски;
17. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект, по барање на Тихомир Гоцевски;
18. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Тихомир Гоцевски;
19. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, надградба на стамбена куќа, по барање на Кирчо Јаневски;
20. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект, по барање на Кирчо Јаневски;
21. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект, по барање на Кирчо Јаневски;
22. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Орце Гошев;
23. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Гаража, по барање на Орце Гошев;
24. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Доградба на џамија, по барање на Исламска верска заедница на РМ;
25. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Стамбена куќа, по барање на Дејан Ивановски;
26. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска

документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Стамбена куќа, по барање на Славчо Тодоровски;

27. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Стамбена куќа, по барање на Иван Стефановски;
28. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Стамбена куќа, по барање на Војо Лесовски;
29. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Стамбена куќа, по барање на Зоран Лесовски;
30. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Помошен објект, по барање на Зоран Трајановски;
31. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Цвета Витановска;
32. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа, по барање на Трајче Узунски.
33. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Бране Пецов;

    **Образлагач:** Звонко Атанасов-Советник за градежно земјиште.
34. Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;

    **Образлагач**: Стојан Димитровски-Командир на Полициска станица од општа надлежност Делчево.
35. Локален акционен план за социјална заштита 2019-2021;

    **Образлагач**: Александар Николовски-Претседател на ЗГ Бравура Кооператива.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред и бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, истиот беше усвоен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 14.седница.

Бидејќи никој не се јави зазбор, расправата беше затворена и записникот беше ставен на галсање.

Со 14 гласа „ЗА“, оветот на Општина Делчево го усвои Записникот од 14 седница на Советот на Општина Делчево.

**Прва точка-Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2018 година;**

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за финансирање и буџет која истакна дека согласно член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку не се остварат планираните приходи и расходи согласно утврдената динамика, градоначалникот има права да предложи Измени и дополнувања на Буџетот или Ребаланс. Ребалансот на Буџетот претставува нов буџет за годината за која се донесува. Измените на буџетот на општината за 2018 година се потребни бидејќи според информациите кои ги имаме дел од планираните приходи во основниот буџет нема да пристигнат до крајот на годината, а со тоа нема да се реализираат и планираните расходи, истакна А.Христова. Во своето понатамошно образложение таа истакна дека намалувањето на вкупниот буџет е за околу 7%, намалувања има во основниот буџет, а зголемување на буџетот има во буџетот на донации. Намалувањето во основниот буџет е 23,4%, односно за 24.179.000 денари.

Во групата 71 даночни приходи (данок од доход, даноци на имот, даноци на специфични услуги и такси за користење или дозволи за вршење на дејност), намалувањето е во делот на даноците на имот за

14,5% (2.140.000 ден.), како и кај даноците на специфични услуги за 17,2%, односно за 3.210.000 денари.

Кај приходите од даноци на имот намалувањето е како резултат на намален процент на наплата на данокот на промет, данок кој е многу непредвидлив. Тие приходи се намалени за 1.500.000 денари или 33,3%.Помал дел намалување има во делот на приходите од даноци од специфични услуги и тоа за 3.210.000 или 17,3%, а тоа произлегува од намалениот износ од надомест за комуналии.

Неданочните приходи се намалени за износ од 2.404.000 денари или за 42%. Има зголемување на капиталните приходи за околу 60,8% или за 1.800.000 денари кои произлегуваат од зголемување на приходите од продажба на наизградено земјиште, поточно од дооформување на градежни парцели.

Намалување има во делот на трансфери и донации и тоа од 58.623.000 на 40.178.000 или за18.445.000, што е 31,5%. најголем дел се намалени од планираните средства од тековни трансфери од други нивоа на власт и капитални трансфери од други нивоа на власт. Приходите од самофинансирачките активности и донациите си остануваат исти и во ребалансот, а зголемување има во донациите од 4.077.000 или за 17,3%.

Во врска со билансот на расходите, А.Христова истакна дека основниот буџет се намалува за 27.532.000 денари, или 23,4%. Намалувањето е во делот на плати и надоместоци од плати во износ 399.500,00 денари, во делот на стоки и услуги износот се намалува за 11% или за 2.756.000 денари, што е 17,6%.

На групата 47 социјални бенефиции има мало зголемување за 7% или за 50.000, а на групата 48 капитални расходи намалувањето изнесува 41,6% или 20.353.000. Во посебниот дел на ребалансот ги има сите измени и дополнувања, доколку ве интересира, повелете со прашања, рече А.Христова.

Претседателот на Советот отвори расправа по точката и му даде му даде збор на Градоначалникот на општината.

Градоначалникот рече дека раководителката дала детално образложение за ребалансот и потребата од неговото донесување. Тој истакна дека има зголемување на приходите од донации за околлу 4.077.000 или 17,3% и тоа се дополнително планирани средства од проектот за „Одржливо управување со природните ресурси во микрорегионот Пијанец-Малеш-фаза 2. Сите вие сте го рзгледале материјалот и доколку имате прашања, тука сум, повелете, истакна Градоначалникот на општина делчево.

Билјана Ѓорѓиевска праша зошто има намалување во Програмата ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување од 1,5 милиони на 500.000 денари?

Таа исто така праша зошто се намаелни средствата во Програмата R1 -Заштита на животната средина?

Анка Христова рече дека тука биле планирани повеќе средства за водоводни цевки, но бидејќи до крајот на годината нема да има реализација мора да бидат тргнати. Во врска со второто прашање таа рече дека за заштита на животната средина која е поширок поим биле планирани средства и во основниот буџет. Во врска со заштитата на животната средина се вршат работи и активности со средства планирани во повеќе програми и затоа тука се помалку.

Градоначалникот појасни дека во Програмата изградба на водоснабителни системи дел од средствата за работите што се одвиваа во атарот на с.Трабroom тивиште биле од АД Водостопанство Берово и затоа се намалуваат во Буџетот на Општина Делчево. Тој рече дека и во наредната година е планирана изградба/зафати во повеќе села (Град, Трабroom тивиште, Разловци и Стамер) кои ќе бидат финансирани со средства на АД Водостопанство.

Кирил Тренчевски рече дека во врска со оваа точка, Комисијата за финансирање и буџет одржала седница на која биле присутни сите 5 члена и на која се развила плодна дискусија за што изрази благодарност. Во овој ребаланс има намалувања на дел од приходите и расходите во Основниот буџет и зголемување во буџетот на донации. Тој рече дека на седницата прашал за ставката 45 каматни плаќања-зошто има намалување на каматната стапка и на што се должи намалувањето на средствата на потставката 485 од 1 милион на 537.000 денари. Тие прашања биле поставени и одговорени на самата седница на Комисијата, но како што истакна К.Тренчевски повторно ги поставува со цел да слушнат и другите членови на Советот на Општина Делчево.

А.Христова рече дека каматите биле предвидени за кредитното задолжување на Општина

Делчево, самата одлука на Советот била донесена во ноември 2017 година и требаше да се реалзира до крајот на годината 31.12.2017 година. Бидејќи кредитното задолжување не било реализирано до крајот на годината, во 2018 година, во мај месец се донесе нова одлука за задолжување и средствата беа одобрени, а камата платена. Затоа сега во ребалансот има намалување на каматната стапка. На потставката 485 се средства предвидени за експропријација и до крајот на годината Општината располага со 537.000 кои ќе бидат потрошени за таа намена.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ги донесе Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево.

**Втора точка-Предлог-Одлука за измена на Одлуката за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење;**

Образложение по оваа точка поднесе Т.Стоименовски кој рече дека оваа одлука еднаш веќе е донесена од страна на Советот, но има потреба од донесување на измени на одлуката бидејќи има промена во износот кој треба да биде даден од страна на Општина Делчево и износот од страна на Бирото за регионален развој. Проектот веќе е во напредна фаза, потпишан е Договор со изведувачот, доколку имате прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој праша дали оваа сума од 8.160.036,00 денари е последна сума?

Т.Стоименовски рече дека тие суми и проценти се постигнати на тендерот и се последни, нема да има други корекции.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на Одлуката за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење.

**Трета точка-Предлог-Одлука за усвојување на Стретегија за соработка со граѓанскиот сектор 2019-2022;**

Образложение по оваа точка поднесе Т.Стоименовски кој рече дека овој стратешки документ е изработен согласно Методологијата и форматот за стратешко планирање и изработка на стратешки документи за потребите на општините. Документот е изработен со средства од донација и се изработува за прв пат. Со овој документ општина Делчево го поттикнува граѓанскиот активизам, истакна тој.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“,Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за усвојување на Стретегија за соработка со граѓанскиот сектор 2019-2022;

**Четврта точка-Предлог-Одлука за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско Јавно Претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип;**

И оваа точка ја образложи Т.Стоименовски кој истакна дека проектот за основање на Меѓуопштинско јавно претпријатие е уште од 2011 година и во него беа приклучени сите општини од источниот регион, меѓутоа тоа не профункционира за жал. Сега кон тој проект се приклучува и Северниот регион со што целата постапка околу избор на нови структури ќе биде повторена, но претходно сите општини кои биле вклучени во овој проект треба да донесат вакви одлуки. Самата одлука ја имате добиено, доколку има некои прашања, повелете, рече Т.Стоименовски.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој го праша образлагачот дали ова претпријатие досега проработило или било само на хартија?

Т.Стоименовски рече дека ова претпријатие и неговото функционирање целосно зависело од ИПА

проектот, имаше лоцирање на депонии, беа набавени возила за сите јавни претпријатија во ИПР, но не можеше да функционира бидејќи зависеше од ИПА проектот, рече тој.

Билјана Ѓеоргиевска праша дали од секоја општина имало претставници во органите на ова претпријатие?

Т.Стоименовски рече дека обично од поголемите општини имало претставници во органите на ова претпријатие.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско Јавно Претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип;

**Петта Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на инвестицијата;**

Во врска со оваа и наредната 6., точка Т.Стоименовски рече дека се однесува на утврдување на приоритет на инвестицијата за зиградба на Градски зелен пазар, апликација која ја поднесовме сабајле, има техничка документација. Другата одлука е за намена на инвестицијата. Имаме изработено проект, има одредено и локација со сите придружни објекти. Вкупната инвестиција на проектот е 19.700.000 денари со ДДВ од кои 7 милиони денари од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој, а другите од Буџетот на општина Делчево и донации.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на приоритет на инвестицијата.

На гласање беше ставена и **Шестата точка-Предлог-Одлука за утврдување на намена на инвестицијата.**

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА".

**Седма точка-Годишен извештај за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови" за учебната 2017-2018 година со Заклучок за усвојување;**

Образложение поднесе Б.Симовска Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови" која рече дека воспитно-образовната и згрижувачка дејност на ОЈУДГ „Весели Цветови" во 2017/2018 година се реалзирала преку соодветно планирање, програмирање, евидентирање и евалуирање на работата на установата.Основната дејност на установата-згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се реализирала преку:згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности и мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето на детето, создавање на поквалитетни услови за престој на деца од 9- месечна до 6-годишна возраст.

Доколку имате какви било прашања, повелете, рече Б.Симовска.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, распаравата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за

**Осма точка-Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за 2018-2019 година со Заклучок за усвојување;**

И оваа точка ја образложи Б.Симовска која рече дека оваа Програма се донесува секоја година и истата е усогласена со Законот за заштита на децата, Програмата за рано учење и развој, Статутот на Детската градинка, Бирото за развој на образованието и Позитивнитње искуства за работа со деца од предучилишна возраст. Во неа се наведени сите содржини и целокупната дејност на градинката . Поделена е во неколку делови:Организациска поставеност и услови за работа, Планирање и реализација на воспитно-образовната работа, Здравје и моторен развој,Следење и унапредување на воспитно-образовната и згрижувачката дејност, Здравствена заштита на децата, Јавна и културна дејност, Соработка со семејството и др.организации и институции.Во состав на Програмата е и Програмата на директорот. Таа рече дека таа како директор очекува оваа програма да се реализира во што поголем обем, посветено и во соработка со сите субјекти.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево јго донесе Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2018-2019 година.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.**

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која рече дека согласно Законот, Советот на Општина Делчево дава согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево. Последната одлука за согласност на работното време што ја има градинката е од 2014 година. Одлуката треба да се донесува секоја година и затоа јас поднесов барање до Советот со кое барам да ни дадете согласност за работното време и тоа:

-За објект број 1, кој се наоѓа на ул. „М.М.Брицо“ бр.36 со полудневен и продолжен престој на деца од 06:00 до 16:00;

-За објект бр.2 , кој се наоѓа на ул. „Светозар Марковиќ“ бр.12 со целодневен престој на деца од 05:00 до 18:00 часот.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;**

Образложение поднесе Ивана Ивановска која истакна дека оваа одлука се донесува за доделување на 6 (шест) стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо“- Делчево.Стипендиите ќе се доделуваат на:

- ученици од II, III и IV година со континуиран просечен одличен успех (од 4.50 до 5.00)
- ученици чии родители се невработени, со ниски месечни примања или пак социјални случаи.

Износот на месечната стипендија е 1000 денари/ученик и учениците истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на учебната 2018/2019 година.

Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Делчево за 2019 година, а изборот на учениците кои ќе добиваат стипендија ќе се врши од страна на заедничка комисија составена од претставници на општина Делчево, Советот на Општина Делчево и СОУ „М.М.Брицо“, Делчево, која ќе ги утврди критериумите и ќе распише Конкурс за доделување на стипендии.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој предложи износот на стипендијата да се зголеми на 2000 денари.

Во врска со оваа точка, претседателот му даде збор на Градоначалникот на Општина Делчево.

Градоначалникот рече дека предлогот за покачување на износот е добар, меѓутоа треба да се имаат предвид и финансиските можности на Општината. Моја интенција како градоначалник е со овие стипендии да ги стимулираме учениците за постигнување на големи успеси во нивното учење и да остануваат да учат во нашето средно училиште. Јас како градоначалник голем дел од средствата за еднократна парична помош ги скратив , а средствата за стипендии беа зголемени ланската година. Доколку финансиската состојба на општината е подобра би било добро да ги зголемиме стипендиите, но сега засега нема можности. Ако ветам дека ќе ги зголемиме износите, тоа ќе биде паушално, преземавме реализација на повеќе проекти од јавен интерес кои мора да ги реалзираме. Оваа дискусија и слични на неа би биле добредојдени при креирањето на Буџетот за 2019 година, истакна градоначалникот.

Влатко Величковски рече дека на 8 јуни 2018 година, побарал информација од Одделението за финансии колку средства биле потрошени за стипендии за 2017 година и добил одговор дека биле потрошени 220.000 денари, додека за 2018 година заклучно со 8 јуни биле потрошени 416.000 денари од планираните 560.000, што е 2,5 пати повеќе од 2017 година.

Сашко Ивановски рече дека ланската година се водела иста дискусија и Градоначалникот ветил дека во иднина ќе бидат покачени износите на стипендиите. Доколку не бидат покачени, да се размисли барем за зголемување на бројот на стипендии за одлични ученици од социјално ранливи категории, рече тој.

Градоначалникот рече дека Влатко Величковски добро кажал дека износот на стипендии е зголемен, цифрите го покажуваат тоа, доколку има доволно средства секако износите ќе бидат зголемени во рамките на нашите можности. При планирањето на Буџетот за 2019 година тоа треба да се земе предвид.

Билјана Ѓорѓиевска предложи измена на членот 2 во одлуката која се однесува на зголемување на бројот на стипендии од 6 на 10.

Градоначалникот истакна дека и тој предлог ќе биде земен во предвид.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо"-Делчево.

**Единасетта точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо" кои постигнале особено висок успех во учењето.**

И оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече дека оваа Одлука е за доделување на 6 (шест) стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо" Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето.

Стипендиите ќе се доделуваат на редовни ученици од II, III и IV година со континуиран одличен успех 5.00 кои во претходната учебна година освоиле најмалку една награда во поединечна категорија за освоено прво, второ или трето место на државни или регионални натпревари.Износот на месечната стипендија е 1500 денари/ученик и учениците истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на учебната 2018/2019 година.

Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Делчево за 2019 година.Изборот на учениците кои ќе добиваат стипендија ќе се врши од страна на заедничка комисија составена од претставници на општина Делчево, Советот на Опшштина Делчево и СОУ „М.М.Брицо", Делчево, која ќе ги утврди критериумите и ќе распише Конкурс за доделување на стипендии.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој предложи измена на членот 3, односно да се додаде став:„ дека ученикот има право на продолжување на стипендијата"  и да се земат во предвид сите освоени награди на учениците, а не само наградите во тековната година.

Влатко Величковски рече дека ако се земат во предвид сите освоени награди претходно тоа ќе делува демотивирачки за учениците. Сегашното решение е подобро од аспект што ги мотивира учениците покрај одличниот успех да постојано да одат на натпревари и да освојуваат награди кои се услов за добивање на оваа стипендија.

Дејан Георгиевски рече дека доколку се зголеми бројот на стипендии во сите 4 одлуки во вкупен износ тоа е прилично висока сума (која беше поткрепена и со точни бројки) и ќе биде дополнително оптоварување на буџетот, а финансиската состојба на општината ја знаеме сите каква е.

Драган Маневски рече дека сите членови на Советот се согласуваат за покачување на износот на стипендиите. Што се однесува до некои предлози во врска со наградите, тој рече дека комисиите што ќе бидат формирани од страна на Градоначалникот можат тоа да го ставаат во критериумите што ќе ги определат или пка во самиот конкурс.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо" кои постигнале особено висок успех во учењето.

**Дванаесетта точка- Предлог-Одлука за доделување на стипнедии на студенти кои студираат на**

**државните универзитети**.

И оваа одлука ја образложи Ивана Ивановска која истакна дека со оваа одлука се доделуваат 6 стипендии на редовни студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија.Стипендиите ќе се доделуваат на:

- Редовни студенти во сите студиски години освен I (прва), со континуиран успех над 8.00;
- Студенти чии родители се невработени, со ниски месечни примања, или, пак социјални случаи

Износот на месечната стипендија е 2000 денари/студент и студентите истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на студиската 2018/2019 година.

Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Делчево за 2018 година.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој предложи во Одлуката да се додаде став дека оваа стипендија не може да ја добијат студенти кои земаат државна или друг вид на стипендија или кредит бидејќи ланската година ваква стипендија добиле студенти кои земаат и државна стипендија.

Ванчо Велиновски рече дека во критериумите или Конкурсот треба да се стават тие предлози-доколку студентот прима друга стипендија нема право да ја добива оваа стипендија.

Ивана Ивановска рече дека секоја од комисиите ќе си направи свои критериуми и ќе објави Конкурс, нема потреба од измена на одлуките.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипнедии на студенти кои студираат на државните универзитети.

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија кои постигнале особено висок успех во студирањето;**

Образлагач по точката беше Ивана Ивановска која рече дека со оваа одлука се доделуваат стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети и кои постигнале особен успех во студирањето.Стипендиите ќе се доделуваат на редовни студенти од сите студиски години освен I (прва) студиска година кои постигнале особено висок успех во студирањето и тоа:

-за студенти на техничките факултети и медицински науки кои постигнале просечен успех од најмалку 8,00;

-за студенти на факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите кои постигнале просечен успех 9,00.Износот на месечната стипендија е 3.500,00 денари/студент и студентите истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на студиската 2018/2019 година.Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Делчево за 2019 година.Изборот на студенти кои ќе добиваат стипендија ќе се врши од страна на заедничка комисија составена од претставници на општина Делчево и Советот на Општина Делчево, која ќе ги утврди критериумите и ќе распише Конкурс за доделување на стипендии.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија кои постигнале особено висок успех во студирањето;

**Четиринаесетта точка-Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈПКД „Брегалница"-Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Стојче Стојковски директор на ЈПКД „Брегалница„ Делчево кој рече дека согласно последните законски измени ЈПКД „Брегалница" е должна на секои три месеци да доставува извештаи до Советот на Општина Делчево кои се однесуваат на финансиското работење на претпријатието. Доставениот извештај се однесува заклучно со третиот квартал и е изработен согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Р.Македонија и истиот содржи.

Извештај за остварени приходи и расходи, Извештај за процент на наплата заклучно со 12.10.2018 година и Извештај за парични текови и еквиваленти заклучно со 30.09.2018 година. Во материјалите ви е доставена и табела со податоци за бројот на вработени. Она што е карактеристично е дека во однос на ланската година расходите се намалени во сите ставки, зголемувања има во ставките за плата (поради Законот за минимална плата), процентот на наплата за сите услуги е речиси 94-95%. Овој период има намален процент на наплата за потрошена вода од причини што е намалена и самата потрошувачка на вода. Ако се погледнат табелите може да се види дека ЈПКД има ненаплатени средства за вода од физички лица во износ од 4.474.242 денари и проблемот е што тие средства ЈПКД не може да ги наплати, станува збор за  социјално загрозени семејства/корисници на социјална помош. Платите и редовните обврски во ЈП редовно се сервисираат меѓутоа проблем е што ЈП не може да издвои средства за набавка на возила и машини бидејќи голем дел од тие што ги има се стари и често се во неисправна состојба со што се отежнува извршувањето на услугите. Во овој извештаен период ЈП има остварено приходи во износ од 30.290.220 денари, а расходите се 28.996.899. Финансиската добивка е 1.261.392 денари. Доколки ве интересира нешто посебно или имате некои прашања, повелете, рече директорот на ЈПКД „Брегалница".

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој праша зошто се намалени приходите по основ на наплата за вода, дали не е добра наплатата или е намалена потрошувачката на вода и дали финансискиот резултат или добивката е на задоволително ниво?

Директорот рече дека оваа година е намалена потрошувачката на вода бидејќи самата година не била сушна и немало екстремно високи температури во однос на ланската година, а Марија Сумрачака рече дека е намалена дистрибуцијата на вода или потрошувачката, а процентот на наплата е на задоволително ниво.

Што се однесува до финансиската добивка, директорот  рече дека не е на задоволително ниво.

Сашко Јовановски праша на што се однесува разликата во расходите во однос на 2017 година на ставките 447, 469 и 703?

Марија Сумрачка рече дека на ставката 447 се даноци на имот и административни такси, на 469 се трошоци од минати години (обврски спрема УЈП), а на 703 е набавна вредност на  материјали од магацин (водомери).

Сашко Ивановски праша зошто сега се разгледува деветмесечен извештај кога по законот е шестмесечен и годишен извештај?

Директорот С.Стојковски рече дека во месец април/мај се донесени измени на Законот за јавни претпријатија и согласно нив ЈП трена на секои три месеци да доставува извештај до советот на Општината. Имајјќи предвид дека тој период се поклопи со смената на директори во ЈП, ние сега доставивме деветмесечен, а во иднина че постапуваме согласно измените на законот и ќе доставуваме извештај на секои 3 месеци.

Влатко Величковски праша кој реон е Петти реон бидејќи процентот на наплата таму значително отстапува во однос на другите реони?

Марија Сумрачка рече дека тоа е населбата Расадник.

Билјана Ѓеорѓиевска праша зошто се појавува поголема разлика на ставката 419 во Табелата Расходи -трет квартал?

Марија Сумрачка рече дека на ставка има повеќе аналитика (услуги од правни лица, репрезентации, советувања, привремени вработувања).

Билјана Ѓеоргиевска праша дали е зголемен обемот на работа, па има потреба од нови вработувања во ЈПКД „Брегалница"?

Директорот на ЈПКД „Брегалница" рече дека има испразеното неколку места по основ на пензионирања и има еден вработен кој е на отворено боледување. Тие работни места мора да се покријат со други лица заради континуитет и ефикасност во извршување на работите и услугите кои ги дава ЈП.

Славица Димитрова праша дали приходите од влез во градски гробишта и приходи од споменик се исти или има разлика?

М.Сумрачка рече дека тоа се различни работи, приходите од влез во градски гробишта ги плаќа операторот за погребални услуги.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“ и 2 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈПКД „Брегалница“-Делчево.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за поништување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, викенд куќа – по барање на Страшо Ѓорѓиевски, бр. 09-1688/1 од 09.10.2018 година.**

Образложение по оваа точка поднесе Звонко Атанасов кој рече дека Советот на Општина Делчево ја поништува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-Викенд куќа по барање на Страшо Ѓорѓиевски бр.09-1688/1 од 09.10.2018 година, објавена во „Службен гласник на Општина Делчево“ бр.13 од 12.10.2018 година. Одлуката се поиштува бидејќи е направена грешка во името и презимето на подносителот на барањето.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Сашко Ивановски кој го праша образлагачот дали може Советот да донесува одлука што сам ја донел, дали е законски?

Претседателот на Советот, Драган Маневски рече дека Советот може да поништува сопствена одлука, во овој случај е направена суштинска грешка, а не техничка и затоа не е измена на одлуката, туку Одлука за поништување и рече дека одлуката е законска.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за поништување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, викенд куќа – по барање на Страшо Ѓорѓиевски, бр. 09-1688/1 од 09.10.2018 година.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Никола Ѓорѓиевски;**

Оваа одлука ја образложи Звонко Атанасов и рече дека претходната одлука што се поништи се однесува токму на лицето Никола Ѓорѓиевски, се друго останува исто.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Никола Ѓорѓиевски.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект, по барање на Тихомир Гоцевски;**

Во врска со оваа точка, З.Атанасов рече дека се однесува на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект, по барање на Тихомир Гоцевски.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект, по барање на Тихомир Гоцевски.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на**

**Тихомир Гоцевски;**

Во врска со оваа точка З.Атанасов рече дека се однесува на истиот барател и станува збор за викенд куќа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, викенд куќа, по барање на Тихомир Гоцевски.

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, надградба на станбена куќа, по барање на Кирчо Јаневски;**

Образложение по оваа точка поднесе З.Атанасов кој рече дека оваа одлука се однесува на утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, надградба на станбена куќа, по барање на Кирчо Јаневски исто така и наредните 2 одлуки се однесуваат на ситиот барател.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Катица Трајкова Тасева која рече дека во врска со овие точки потребно е образлагачите да даваат повеќе податоци и информации за самите објекти што се легализираат. Ние како членови на совет воопшто немаме информации за кои објекти, каде се наоѓаат, дали е се во ред. Барам да имате подетални образложенија, да ни објаснувате поубаво бидејќи ние гласаме за нив, а ги немаме потребните информации.

Звонко Атанасов рече дека тој не ги подготвува овие точки и сега ги образлага бидејќи Г.Петровски е отсутен. Инаку Комисија оди на терен, прави увид, изготвува записник и потоа се прават одлуки за на Совет.

Бидејќи никојдруг не се јави за збор, расправата по овие точки (19,20 и 21) беше затворена и на гласање беше ставена 19 точка.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, надградба на станбена куќа, по барање на Кирчо Јаневски;

На гласање беше ставена и 20-тата точка **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект, по барање на Кирчо Јаневски;**

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект, по барање на Кирчо Јаневски.

**На гласасње беше ставена и 21-вата Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект, по барање на Кирчо Јаневски;**

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект, по барање на Кирчо Јаневски

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Орце Гошев;**

Образложение по точката поднесе З.Атанасов кој рече дека оваа одлука се однесува на утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-362 од 22.03.2016 година, од страна Орце Гошев с. Звегор - Делчево за бесправно изграден објект, Викенд куќа, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 589 запишана во имотен лист бр. 32 во КО Звегор и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Орце Гошев.

**Дваесет и трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Гаража, по барање на Орце Гошев;**

Во врска со оваа точка З.Атанасов рече дека се однесува на истиот барател Орце Гошев, а објектот е помошен објект.

Претседателот отвори расправа по точката бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект, по барање на Орце Гошев.

**Дваесет и четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Доградба на џамија, по барање на Исламска верска заедница на РМ**;

И оваа точка ја образложи З.Атанасов кој рече дека одлуката се однесува на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Доградба на џамија, по барање на Исламска верска заедница на РМ, поточно станува збор за џамијата во с. Трабонивиште.

**Дваесет и петта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа, по барање на Дејан Ивановски;**

Образложение даде З.Атанасов кој рече дека објектот е станбена куќа и се наоѓа на патот кон с.Габрово.

Претседателот отвори расправа по точката бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Станбена куќа, по барање на Дејан Ивановски;

**Дваесет и шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа, по барање на Славчо Тодоровски;**

Образложение поднесе З.Атанасов кој рече дека овој објект-станбена куќа се наоѓа на патот кон с.Полето, а е по барање на Славчо Тодоровски.

Претседателот отвори расправа по точката бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Станбена куќа, по барање на Славчо Тодоровски.

**Дваесет и седма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа, по барање на Иван Стефановски;**

Образложение поднесе З.Атанасов кој рече дека овој објект-станбена куќа се наоѓа во Црквенска Река, а е по барање на Иван Стефановски.

Претседателот отвори расправа по точката бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од

донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Станбена куќа, по барање на Иван Стефановски..

**Дваесет и осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа, по барање на Војо Лесовски;**

Образложение поднесе З.Атанасов кој рече дека овој објект-станбена куќа се наоѓа во Црквенец, а е по барање на Војо Лесовски.

Претседателот отвори расправа по точката бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Станбена куќа, по барање на Војо Лесовски.

**Дваесет и деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа, по барање на Зоран Лесовски;**

Образложение поднесе З.Атанасов кој рече дека овој објект-станбена куќа се наоѓа во Црквенец, а е по барање на Зоран Лесовски.

Претседателот отвори расправа по точката бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Станбена куќа, по барање на Зоран Лесовски.

**Триесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Помошен објект, по барање на Зоран Трајановски;**

Образложение поднесе З.Атанасов кој рече дека овој објект-помошен објект се наоѓа на стариот пат кон с. Тработивиште Црквенец, а е по барање на Зоран Трајановски.

Претседателот отвори расправа по точката бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,помошен објект по барање на Зоран Трајановски.

**Триесет и прва точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Цвета Витановска**;

И оваа точка ја образложи З.Атанасов, рече дека се однесува на објект викенд куќа во с. Нов Истевник, по барање на Цвета Витановска.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Цвета Витановска;

**Триесет и втора точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа, по барање на Трајче Узунски.**

Образложение поднесе З.Атанасов кој рече дека оваа одлука се однесува на станбена куќа на Трајче Узунски од с. Тработивиште.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од

донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,станбена куќа, по барање на Трајче Узунски.

**Триесет и трета-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Бране Пецов;**

Звонко Атанасов рече дека оваа одлука се однесува на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа, по барање на Бране Пецов, објектот се наоѓа над с. Ѕвегор, во шумата.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,викенд куќа, по барање на Бране Пецов.

**Триесет и четврта точка-Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образложение по оваа точка поднесе Стојан Димитровски-Командир на Полициска станица од општа надлежност Делчево кој рече дека овој извештај се поднесува согласно член 25 од Законот за полиција. Тој истакна дека во извештајниот период состојбата се оценува како стабилна и поволна. Во областа на криминалитетот тој истакна дека има мало намалување во однсо на ланската година во смисла на нанамлување на бројот на кривични дела и намалување на бројот на пријавените сторители. Најголем дел на кривични дела се од областа на општиот криминалитет. Намален е исто така и бројот на кривични дела од семејно насилство, а е зголемен бројот на поднесени кривични пријави за сторени кривични дела за загрозување на сообраќајот. Процентот на расчистени кривични дела е 90%.

Во областа на јавниот ред и мир е карактеристично намалување на бројот на прекршоците за 59% во однос на ланската година. Во однос на превентивното работење од страна на службата има зајакното покривање на сите јавни места со зачестено присуство на униформирани полициски службеници пред угостителските објекти во ЦГП и во реоните во градот и селата.

Во областа на сообраќајот тој истакна дека во однос на ланската година е зголемен бројот на сообраќајните незгоди, поднесени се 162 барања за поведување на прекршочна постапка, изречени се 385 мандатни казни, од сообраќај се исклучени 59 возачи и 30 возила, алкотест е употребен во 34 случаи, а контрола е извршена на 5713 возила.

Во извештајниот период биле поднесени 215 поплаки од граѓани, предупредени се 597 лица, а легитимирање е извршено на 841 лице.

Во врска со бесправната сеча на шума спроведени се 3 контроли во соработка со Шумската полиција и одземени се 17,19 м3 дрва и се поднесени 2 кривични пријави за кражба на дрва. Во врска со пожарите тој истакна дека во однос на лансакаљта година се намалени за 76%.

Претседателот отвори расправа по Извештајот. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.

**Триесет и петта точка-Локален акционен план за социјална заштита 2019-2021;**

Образлагач по оваа точка беше Александар Николовски-Претседател на ЗГ Бравура Кооператива кој рече дека во функција на имплементација на процесот на децентрализација во социјалната заштита, Општина Делчево изработи Акционен план за успешно остварување на социјалната заштита во својата локална заедница преку реализрање на развојни програми за организирање иразвивање на облици и форми на социјални услуги според спечифичните потреби на одделни групи од кои се наоѓаат во социјален ризик. Акциониот план за социјална заштита со дефинираните програми ќе овозможи

унапредување на системот на социјална заштита на ранливите групи на граѓани,преку обезбедување на разни форми на социјални услуги во соработка со социјалните сили на ниво на општината и реализирање на Националната програма за социјална заштита.Во оваа смисла, Акциониот план за социјална заштита е насочен кон воведување на сеопфатни, ефикасни и функционални вон-институционални форми на социјална заштита,и услуги кои ќе бидат достапни до сите корисници кои имаат потреба од нив. Исто така ќе овозможи креирање и развој на проактивни мерки за социјално вклучување со кои се зајакнуваат потенцијалите и капацитетите на корисниците,со што посредно се делува на нивните можности за вклучување во општествените текови на животот.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Локалниот акционен план за социјална заштита 2019-2021 година.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 14.седница на Советот заврши со работа во 16.40 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски